Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 14**

**30.09.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Изработка на урбанистичка планска документација за с.Света, Општина Демир Хисар"**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Изработка на урбанистичка планска документација за с.Света, општина Демир Хисар" донесена на 38-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.09.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 885/1 Општина Демир Хисар**
**30.09.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

385. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.09.2015 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Изработка на урбанистичка планска документација за с.Света, Општина Демир Хисар"**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **"Изработка на урбанистичка планска документација за с.Света, Општина Демир Хисар".**

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 418.000,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Бирото за регионален развој во вредност од 300.000,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 118.000,00 денари ќе биде сопственото учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар ја донесува врз основа на Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за 2015 година објавен од страна на Бирото за регионален развој.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 17-861/3 Совет на општина Демир Хисар**
**29.09.2015 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на распределба на средства за поддршка на спортски клубови и поединци кои се натпреваруваат во повисок ранг од општински сојузи, регионални, државни или меѓународни натпревари**

1.Го објавувам Правилникот за условите, критериумите и начинот на распределба на средства за поддршка на спортски клубови и

поединци кои се натпреваруваат во повисок ранг од општински сојузи, регионални, државни или меѓународни натпревари, донесен на 38-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.09.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 885/2** **Општина Демир Хисар**
**30.09.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

386. Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 22а од Законот за спорт (“Службен весник на РМ” бр. 29/02 и 66/04), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 29.09.2015 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
### за условите, критериумите и начинот на распределба на средства за поддршка на спортски клубови и поединци кои се натпреваруваат во повисок ранг од општински сојузи, регионални, државни или меѓународни натпревари

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат поблиските услови, критериуми и начинот на распределба на средства за поддршка на спортски клубови и поединци кои се натпреваруваат во повисок ранг од општински сојузи регионални, државни или меѓународни натпревари согласно Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спортот и младите, како и правата и обврските на корисниците на средствата.

### Услови и критериуми за поддршка на спортските клубови и поединци

**Член 2**

Спортските клубови можат да конкурираат за добивање на финансиска и техничка поддршка доколку ги исполнуваат следните услови:

- да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации или Законот за трговски друштва;
- да имаат добиено Решение за вршење на дејност спорт;
- да се со седиште на подрачјето на општина Демир Хисар;
- да учествуваат во организиран систем на натпревари и
- да се натпреваруваат во повисок ранг од општински сојуз.

Поединци можат да конкурираат за добивање на финансиска и техничка поддршка доколку ги исполнуваат следните услови:

- да учествуваат на регионални, државни или меѓународни официјални натпревари.

**Член 3**

Општината Демир Хисар ќе ги подржи барањата за распределба на средствата за поддршка на спортски клубови кои ги имаат донесено:

- Извештајот за работата на спортскиот клуб од претходната година и
- Програмата за работа со финансиски план за тековната година.

### Начин на распределба на средствата за поддршка на спортски клубови

**Член 4**

Распределба на средствата за поддршка на спортски клубови и поединци согласно Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спортот и младите ќе се врши по доставено барање од страна на спортските клубови и поединци.

Спортските клубови и поединци кои ги исполнуваат условите и критериумите согласно член 2 и член 3 од овој Правилник, барањата ги поднесуваат до општина Демир Хисар во текот на календарската година.

**Член 5**

Со барањето за распределба на средствата за поддршка на спортски клубови

согласно Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спортот и младите се поднесуваат следните документи:

- Решение за упис во регистарот на Здруженија на граѓани и Фондации или во регистарот на Трговски друштва;
- Решение за вршење на дејност спорт;
- Извештајот за работата на спортскиот клуб од претходната година;
- Програма за работа на спортскиот клуб за тековната година;
- Доказ дека спортскиот клуб се натпреварува во повисок ранг од општински сојуз.

Со барањето за распределба на средства за подршка на поединци се поднесуваат следните документи:

- Покана за учество на регионални, државни или меѓународни натпревари,
- Признанија, дипломи за претходно учество.

**Член 6**

Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Демир Хисар, врз основа на поднесените барања и приложената документација изготвува извештај со предлог листа на прифатени барања за распределба на средствата за поддршка на спортски клубови и поединци согласно Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спортот и младите.

Извештај со предлог листа на прифатени барања за распределба на средствата за поддршка на спортски клубови и поединци, Комисијата го доставува до Градоначалникот на општина Демир Хисар тековно во календарската година.

**Член 7**

Износот на средствата за поддршка на спортските клубови и поединци со Решение го определува Градоначалникот на општина Демир Хисар, врз основа на бројот на прифатени барања и средствата предвидени за поддршка на спортски клубови и поединци согласно Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спортот и младите.

Средствата за поддршка на спортски клубови и поединци со Решение ги доделува Градоначалникот на општина Демир Хисар.

**Права и обврски на корисниците на средствата**

**Член 8**

Корисниците на средствата имаат право и обврска средствата да ги користат исклучиво согласно Програмата за работа на спортскиот клуб во тековната година.

Општината Демир Хисар го задржува правото да изврши контрола над наменското користење на средствата и доколку констатира дека истите ненаменски се потрошени да побара нивно враќање.

**Член 9**

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за условите, критериумите и начинот на распределба на средства за поддршка на спортски клубови кои се натпреваруваат во повисок ранг од општински сојузи бр.07-628/1 од 12.06.2009 година.

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Хисар".

**Бр.17-861/4 Совет на општина Демир Хисар**
**29.09.2015 година Председател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за одржување на проодноста на општинските патишта и улици во зимскиот период на подрачјето на општината Демир Хисар за сезона 2015/2016**

1.Ја објавувам Програмата за одржување на проодноста на општинските патишта и улици во зимскиот период на подрачјето на општината Демир Хисар за сезона 2015/2016 , донесена на 38-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.09.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 885/3 Општина Демир Хисар**
**30.09.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

387. Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ„ бр 5/2002 год.), член 34 од Законот за јавни патишта( „Службен весник на РМ„ бр 84/2008 год.), член 2 од Законот за јавна чистота( „Службен весник на РМ„ бр 111/2008 год.), како и член 43, став 1, точка 21 од Статутот на Општина Демир Хисар ( „Сл. гласник на општина Демир Хисар„бр. 3/2002 год.), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.09.2015 година донесе

**ПРОГРАМА**

За одржување на проодноста на општинските патишта и улици во
зимскиот период на подрачјето на општината Демир Хисар за сезона **2015/2016** година

**1.** Со критериумите предвидени за оваа Програма поблиску се определуваат начинот на планирањето и извршувањето на работите за одржување на проодноста на општинските патишта и улици во зимскиот период на подрачјето на општината Демир Хисар.

**2.** Општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисар определени се со Одлука на Советот на општината Демир Хисар **бр.07-831/8** од **15.11.2011** година.

**3.** За приоритетни патишта од прв ред се определуваат оние патни правци каде е организиран патен сообраќај и превоз на ученици.

Приоритетни патишта од прв ред на подрачјето на општина Демир Хисар прикажани се во следнава табела:

| **Ред. бр.** | **Патен правец** | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Врска рег.пат Р1305 - Смилево | 10 | |
| 2 | Врска рег.пат Р1305 - Стругово | 2,5 | |
| 3 | Врска Стругово-Загориче | 2 | |
| 4 | Врска рег.пат Р1305-Вардино-крак Суводол | 1,5 | |
| 5 | Врска рег.пат Р1305 - Кутретино | 2 | |
| 6 | Врска рег.пат Р1305 - Слепче | 2 | |
| 7 | Врска рег.пат Р1305 - Вардино | 5 | |
| 8 | Врска рег.пат Р29371 - Слоештица | 4 | |
| 9 | Врска рег.пат Р29371 - Вирово | 3 | |
| 10 | Врска рег. пат Р1306 - Журче | 0,5 | |
| | **ВКУПНО:** | **32,5** | |

Приоритетни патишта од втор ред на подрачјето на општина Демир Хисар прикажани се во следнава табела:

| **Ред. бр.** | **Патен правец** | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Врска рег. пат Р1305 - Зашле | 11 | |
| 2 | Врска рег. пат Р1305 - Мало Илино | 5 | |
| 3 | Врска рег. пат Р1305 - Кочишта | 12 | |
| 4 | Врска рег. пат Р1305 - Базерник | 5 | |
| 5 | Врска рег. пат Р29371 - Мренога | 1 | |
| 6 | Врска рег. пат Р2339 - Единаковци | 1 | |
| 7 | Врска рег. пат Р2339 - Света | 1 | |
| 8 | Врска рег. пат Р1305 - Жван | 1,5 | |
| 9 | Врска рег. пат Р1305 - Радово (крак Суво Грло) | 1 | |
| 10 | Врска рег. пат Р1305 - | 1,5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Велмевци | | |
| 11 | Врска рег. пат Р1305 - Сопотница | 1 | |
| 12 | Врска рег. пат Р1305 - Железнец | 0,5 | |
| 13 | Врска рег. пат Р1306 - Сладуево | 0,5 | |
| 14 | Врска рег. пат Р2339 - Вардино | 1,5 | |
| 15 | Врска рег. пат Р2339 - Бараково | 0,5 | |
| 16 | Врска рег. пат Р1305 - Кочишта (крак Ракитница) | 1,5 | |
| 17 | Врска рег. пат Р1305 - Кочишта (крак Прибилци) | 0,5 | |
| 18 | Врска рег. пат Р1305- Кочишта (крак Ново село) | 0,5 | |
| 19 | Врска рег. пат Р1305- Радово | 6 | |
| | **ВКУПНО:** | **52,5** | |

| **Ред. бр.** | | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Улици во градот Демир Хисар | **10** | |
| 2 | Улици по населени места каде има пристап со возило за чистење | **10** | |

| | | |
|---|---|---|
| **СЕ ВКУПНО:** | **105 км** | |

**4.** Чистењето на општинските патиштата и улици ќе го врши претпријатие кое ќе биде избрано преку јавен тендер согласно Законот за јавни набавки и со кој ќе биде склучен договор.

**5. Празни одови се групираат како следува:**

| **Ред. бр.** | | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Смилево,Стругово,Суводол,Вардино,Слепче | 6 | |
| 2 | Света,Единаковци, | 8 | |
| 3 | Велмевци , Мало Илино, Базерник, Зашле, С.Грло, Кочишта | 20 | |
| 4 | Сладуево, Журче | 2 | |
| 5 | Вирово, Мренога | 4 | |

**6.** При наврнување на снег на патиштата со поголема височина, по наредба на Штабот за заштита и спасување на општина Демир Хисар се вклучуваат локални фирми кои располагаат со соодветна механизација.

**7.** Чистењето на снегот од тротоарите, покривите на станбените и деловните објекти, пристапните патишта, двориштата и паркиралиштата, задолжително ги чистат сопствениците без разлика дали се правни или физички лица.

**8.** Чистењето на снегот почнува во првите моменти на заврнувањето односно после наврнувањето на снег во висина од **10 см.**

**9.** Средствата за чистење на снегот ги обезбедува општина Демир Хисар согласно **Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици.**

Доколку има потреба за повеќе пати чистење на снег на патиштата од оваа Програма потребно е да се обезбедат дополнителни средства со помош на Советот на општината.

**10.** Надзор над состојбата на патиштата и следење на извршувањето на оваа програма го врши лицето назначено од Градоначалникот на општината Демир Хисар.

**Бр.17-861/5 Совет на општина Демир Хисар**
**29.09.2015 година Председател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2015/2016 година, донесен на 38-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.09.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 885/4 Општина Демир Хисар**
**30.09.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

388.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.09.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков„ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 861/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.09.2015 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2015/2016 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2015/2016 година донесен на 38-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.09.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 885/5 Општина Демир Хисар**
**30.09.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

389.Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.09.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2015/2016 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков„ Демир Хисар за учебната 2015/2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 861/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.09.2015 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

390.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2015/2016 година**

1.Ја објавувам Согласноста за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2015/2016 година донесена на 38-мата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 29.09.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 885/6 Општина Демир Хисар**
**30.09.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

Врз основа на член 28 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15 ) и согласно член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општината Демир Хисар бр.3/02,4/05 и 7/09 год.) Советот на општина Демир Хисар дава

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25**

1.На СОУ„Крсте П. Мисирков" Демир Хисар му се дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 за учебната 2015/2016

2.Паралелките да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето и прегледот што се во прилог на оваа согласност.

3.Паралелките за кои се дава согласност се финансирани паралелки - старо финансирање.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар до Советот на општина Демир Хисар поднесе Барање број 03-303/1 од 10.09.2015 година за работа на паралелки со помал број на ученици од 25.

Согласно законските надлежности Советот на општина Демир Хисар разгледувајќи го поднесеното барање дава согласност за работа на горенаведените паралелки.

**Бр.17- 861/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.09.2015 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2015/2016 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2015/2016 година донесен на 38-мата седницата на Советот на

Општина Демир Хисар одржана на 29.09.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 885/7** **Општина Демир Хисар**
**30.09.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

391. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 29.09.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишна програма на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2015/2016 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишната програма на ЈОУДГ „Втори Септември„ Демир Хисар за 2015/2016 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 861/9 Совет на Општина Демир Хисар**
**29.09.2015 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

-------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Изработка на урбанистичка планска документација за с.Света, Општина Демир Хисар“---------------------------------------1
2. Правилник за условите, критериумите и начинот на распределба на средства за подршка на спорски клубови и поединци кои се натпреваруваат во повисок ранг од општински сојузи, регионални, државни или меѓународни натпревари---------------------2-3
3. Програма за одржување на проодноста на општинските патишта и улици во зимскиот период на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2015/2016 година-----------4-5
4. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за рботата на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година-6
5. Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2015/2016 година--------6-7
6. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 за СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2015/2016 година---------------------------------7
7. Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа за ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период од јуни 2015 до јуни 2016 година-------------------------8

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**